# З А П И С Н И К БР. 1

Од првата Конститутивна седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, одржана на 29 април 2022 година, во Салата за одржување седници на Совет на Општина Гевгелија, со почеток во 13:30 часот.

На седницата беа поканети сите 17 члена- делегати и заменик-делегати, номинирани од младински организации, организации за млади, политички помладоци, ученички и студенски организации и други облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на Општина Гевелија и назначени за членови во Локалното собрание на млади од Иницијативниот одбор и Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.

На седницата присуствуваа 13 члена и тоа: Тијана Ристовска, Милчо Јовановски, Ангела Шаренкова, Трајче Динев, Душко Јанев, Марија Јовановска, Благоја Панов, Андон Ангов, Кристијан Алчинов, Ѓорге Костаќев, Надја Шоппова, Мартин Илиев и Дејан Марков.

Состанокот го отвори претставник од Општина Гевгелија и откако констатираше дека на седницата се присутни мнозинство членови и има кворум за полноважно одлучување за работа на првата Конститутивна седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д:

1. Избор на записничар и двајца оверувачи на Записник,
2. Избор на трочлена верификациона комисија, одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членовите на Локалниот младински совет
3. Усвојување на Извештајот на верификационата комисија,
4. Избор на претседавач на ЛСМ на Општина Гевгелија
5. Избор на членови во комисија за подготовка на Предлог-Деловник за работа на ЛСМ на Општина Гевгелија.

Со 13 гласа за, дневниот ред за работа беше усвоен без никакви забелешки, по што се премина по поединечна расправа на точките од дневниот ред.

По првата точка, членовите на ЛСМ на ОГ за записничар го избраа Петар Јанчев, а за оверувачи на записникот Благоја Панов и Трајче Динев.

Во врска со втората точка, за членови на верификационата комисија беа избрани Кристијан Алчинов, Андон Ангов и Марија Јовановска. За претседател на верификационата комисија беше избрана Марија Јовановска. По нивниот избор, членовите се повлекоа и го разгледаа Решението за формирање на Локалното собрание на Млади на Општина Гевгелија, бр. 08-542/15 од 29.04.2022 година. По разгледувањето, Верификационата комисија поднесе извештај кој едногласно беше усвоен. Со што претседавачот констатираше дека се потврдува членството на

- Сашко Проданов, делегат номиниран од УМС на ВМРО- ДПМНЕ Гевгелија;
- Јордан Јовановски, заменик-делегат номиниран од УМС на ВМРО- ДПМНЕ Гевгелија;

- Мартин Илиев, делегат номиниран од ЛО Црвена младина од Гевгелија ЛЕВИЦА,
- Христијан Шопчев, заменик-делегат номиниран од ЛО Црвена младина од Гевгелија;
- Марија Јовановска, делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија;
- Душко Јанев, заменик- делегат номиниран од ОО Црвен крст Гевгелија;
- Ангела Шаренкова, делегат номиниран од „Мултимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје;
- Надја Шопова, заменик-делегат номиниран од „Мултимедија“ Здружение за мултимедијална култура Скопје;
-Тијана Ристовска, делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам МУЛТУС Гевгелија;
- Ѓорѓе Костаќев, заменик-делегат номиниран од Центар за едукација, култура и активизам МУЛТУС Гевгелија;
- Кристијан Алчинов; делегат номиниран од Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Андон Ангов, заменик- делегат номиниран одЗдружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- Благоја Панов, делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија;
- Трајче Динев, заменик-делегат номиниран од Регионален центар за одржлив развој Гевгелија;
- Надица Несторова, делегат номиниран од СДСМ Гевгелија;
- Дејан Марков, заменик-делегат од СДСМ Гевгелија и
- Милчо Јовановски, делегат номиниран од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија

во Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија.

Претседавачот отвори расправа по четвртата точка. Согласно постапката за избор на претседавач, по пат на тајно гласање, за претседавач на седниците на ЛСМ на ОГ беше избрана Ангела Шаренкова.

Членовите на ЛСМ на ОГ, по однос на четвртата точка, за членови во Комисијата за подготовка на Предлог-Деловникот за работа ги избраа: Милчо Јовановски, Тијана Ристовска, Мартин Илиев, Трајче Динев, Ѓорѓе Костаќев и Дејан Марков.

Откако беа исцрпени точките од дневниот ред, претседавачот ја затвори првата Конститутивна седница на ЛСМ на ОГ.

бр. 08-1188/2
16.05.2022 г.
Гевгелија

записничар,
Петар Јанчев
с.р.

ЛСМ на ОГ

Претседавач
Ангела Шаренкова
с.р.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk